**ЗАПИСНИК**
**од 40-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 22.12.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Д. Довлева, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н    Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.12.2016 година.
2. Предлог-годишен план за вршење програмски надзор за 2017 година.
3. Предлог-годишен план за вршење административен надзор за 2017 година.
4. Предлог-програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година (со Предлог-програма на планирани активности и Предлог-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година).
5. Предлог-годишен план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
6. Предлог-одлука за претплата на „Службен весник на Република Македонија“ за 2017 година во печатена форма.
7. Разно.

**Точка 1**

Членовите на Советот го разгледаа предложениот записник од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.12.2016 година.

Г-дин Фиданоски, имаше забелешка која се наоѓаше на страна 4 од вкупниот доставен материјал за седницата, во делот на образложението на м-р Магдалена Давидовска Довлева. Предложи зборовите „89% мажи“ да се заменат со „89% Македонци“, бидејќи станува збор за етничка структура. Исто така, на истата страна од записникот, во пасусот на неговата дискусија, зборот „него“ да се замени со зборот „туку“.

Советот, со забелешките од г-дин Фидански, едногласно го усвои Записникот од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.12.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, го образложи Предлог-годишниот план за вршење програмски надзор за 2017 година. Објасни дека содржината на планот е идентична со текстот на Нацрт верзијата која Советот ја разгледуваше на една од претходните седници. Тој беше објавен на веб страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена на јавна расправа, но не беа доставени никакви забелешки во однос на содржината.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-6564/1 од 19.12.2016 година и едногласно донесе Годишен план за вршење програмски надзор за 2017 година, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Годишниот план за вршење програмски надзор за 2017 година да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски парава, м-р Магдалена Давидовска Довлева, го образложи Предлог-годишниот план за вршење административен надзор за 2017 година. Објасни дека Советот на Агенцијата, на својата 38-ма седница одржана на 15.11.2016 година, донесе Нацрт-годишен план за вршење административен надзор за 2017 година. Тој беше објавен на веб страницата на Агенцијата, при што им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на истиот. Рокот на траење на јавната расправа изнесуваше 30 дена од денот на објавувањето и траеше до 15.12.2016 година. Заклучно со 16.12.2016 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше доставена ниту една забелешка. При тоа објасни дека во периодот додека траеше јавната расправа, од страна на Стручната служба на Агенцијата беше констатирано дека во Нацрт-Годишниот план за вршење административен надзор за 2017 година не е наведен периодот во којшто ќе се реализираат надзорите над радиодифузерите во врска со исполнувањето на обврските од член 15 ставови 1 и 3 од Законот за медиуми. Затоа, Предлог-Годишниот план за вршење административен надзор се дополни со овие податоци.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-6565/1 од 19.12.2016 година и едногласно донесе Годишен план за вршење административен надзор за 2017 година, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Годишниот план за вршење административен надзор за 2017 година, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година (со Предлог-програма на планирани активности и Предлог-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година). Објасни дека по содржината на нацрт верзијата, забелешки дадоа г-дин Петрушевски и г-дин Фиданоски и дел од тие забелешки се инкорпорирани во текстот на Предлог-програмата. Предлогот кој беше даден за да се направи дополнително истражување, влијае на финансискиот план на Агенцијата со зголемување од 1 милион денари без ДДВ и измена на Планот за јавни набавки каде е предвидено истражувањето. Исто така информира дека Програмата за работа се дополни со активности во насока на изработка на Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот 2018-2022 година, потоа со предлогот на претседателот на Советот на Агенцијата кој предложи во Програмата да се предвидат и активности за изработка на анализа во врска со новите медиуми (опсегот, улогата и трендовите на регулирање), како и активности за подигнување на свеста за важноста на почитувањето на професионалните новинарски стандарди. Членот на Советот Зоран Фидановски, потенцираше дека од голема важност е Програмата за работа да содржи и активности за зголемување на свеста за важноста на редакциската култура кај медиумите и за независната уредувачка политика.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски парава, м-р Магдалена Давидовска Довлева, додаде дека Програмата е дополнета меѓу другото и со уште една точка со наслов „Поттикнување на слободата на изразување и слободата на медиумите". Тука се опфатени активности од типот организирање односно поддршка на работилници, обуки за зголемување на свеста кај медиумите за потребата од почитување на професионалните новинарски стандарди и на законските одредби. Сите овие дополнувања произлегоа од седницата кога се разгледуваше нацрт текстот. Во текот на јавната расправа ниту една заинтересирана страна не достави забелешки.

Г-дин Петрушевски, рече дека ретко се случува да нема забелешки на Планот за работа од други субјекти, а единствените забелешки се од него, директорот и г-дин Фиданоски. Според него забелешките се прифатени, тоа е добро и ќе ја поддржи Програмата.

Г-дин Фетаи, рече дека е добро сработена Предлог програмата, а при тоа и нема доставено забелешки, што значи дека до сега има сеопфатен континуитет. Објасни дека не бил присутен на седницата кога се разгледувала Нацрт-верзијата, поточно делот за доделување нови дозволи. Тогаш било истакнато дека не е потребно да се внесе еден недостаток со оглед на законската обврска што ја има околу надополнување на радиодифузниот пејзаж во Република Македонија. Тој недостаток го има со години а тоа е можноста за доделување уште една дозвола за радио на државно ниво на албански јазик. Сега има 4 радија кои работат со дозвола на државно ниво претежно на македонски јазик. Рече дека тоа е констатирано и доколку треба пак да се констатира

дека е потребно да се надополни тој целокупен мозаик во поглед на јазикот на кој радијата емитуваат програма. Можноста за доделување дозвола на државно ниво за радио на албански јазик, ставена е во минатите предлог програми иако без ефект затоа што е констатирано дека има технички ограничувања и неможност затоа што фреквенциите во Скопје се распределени и нема слободна фреквенција. Додаде дека неговиот колега Селвер Ајдини го истакнал тоа на седница. Објасни дека тоа не е пречка од страна на АААВМУ, и во моментот кога ќе се овозможи техничка можност на фреквенција ќе се пристапи кон доделување на таа дозвола. Но, рече, сега е одлучено да не влезе во програмата за да не се оптовари, и од таа причина има дилема. Без оглед дали ќе влезе или нема да влезе во содржината на програмата, тоа е една констатација на потреба. Може по потреба да се стави во едно од идните истражувања за потреба од нови радија и телевизии на ниво на територија на Република Македонија. Смета дека тоа не е потребно да се направи бидејќи е констатирано, и со оглед на уставната категорија, соодветност, правичност и сл. При тоа рече тогаш да остане така како што е одлучено, да не биде вградено внатре како потреба, но сепак да остане како можност да се реализира во 2017 година. Според него останува уште една можност, како на пример, да се затвори едно од радијата кои сега функционираат на државно ниво и да се ослободи фреквенцијата и смета дека тогаш сигурно Советот ќе заземе став да се распише конкурс за доделување на една нова мрежа.

Г-дин Петрушевски, рече дека и минатиот пат кажал и сега ќе повтори, дека секогаш е дискутирано и сите членови на Советот давале поддршка ако се создадат услови за радио на државно ниво на албански јазик. Тоа останува, никогаш никој не кажал спротивно. Ова влегува и во записник. Објаснувањето зошто не е влезено во програмата е од законски причини, бидејќи не може однапред да се дефинира победникот на конкурсот. Рече дека тоа е намерата и ставот на Советот.

Г-дин Трајчевски, објасни дека согласно Законот, Советот не може да донесе одлука за распишување конкурс за доделување дозвола без претходно да се направи соодветна Студија. И да има слободна фреквенција, претходно треба да се изработи Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување, впрочем како и што досега правеше Агенцијата и согласно наодите Советот ќе донесе одлука. Според стариот Закон за радиодифузната дејност, доколку имаше слободна фреквенција, Советот можеше да додели дозвола, но сега според новиот ЗААВМУ, мора претходно да се направи Студија и не може однапред да се знае каков ќе биде исходот од неа. Тоа беше и забелешка на Програмата од претходната година, дека без изработена Студија не може да се вгради доделување на дозвола. Постапката е прво да има слободна фреквенција, потоа изработка на Студија, и согласно наодите да се додели дозволата.

Г-дин Фетаи, по образложението на директорот, побара мислење дали може да се заврши првиот дел, односно да се изработи Студија за потребата од радио на државно ниво на албански јазик?

Г-дин Трајчевски, објасни дека изработката на Студијата повлекува финансиски средства и дека не може однапред да се потрошат пари за таа јавна набавка знаејќи дека нема слободна фреквенција. Рече, неоспорен е фактот дека има потреба, но Студија може да се изработи во моментот кога ќе се добие допис од АЕК дека има слободна фреквенција. Предложи, доколку Советот се согласи, на почетокот на 2017 година повторно да се побара мислење од АЕК дали има слободни фреквенции, и доколку има, тогаш може да се премине кон нарачка на изработка на Студија по пат на

јавна набавка и понатаму да се продолжи постапката. Вака ако нема фреквенција е беспредметно да се бара изработка на Студија.

Г-дин Фетаи, рече дека се согласува со образложението на директорот и дека реално е така. Но, го поддржа предлогот за да се достави повторно барање до АЕК, иако три-четири пати од нив е добиен одговор дека нема слободна фреквенција. Побара во дописот до АЕК да се образложи дека треба да се пристапи кон изработка на Студија и дека затоа е потребен нивниот одговор.

Г-дин Петрушевски, додаде дека во барањето до АЕК може да се наведе дека барањето на информација за слободни фреквенции ќе важи за подолг период односно во текот на 2017 година.

Г-дин Фиданоски, рече дека и тој се согласува со тоа што досега се зборуваше, и дека не е лоша идејата, првата недела по празниците или втората во 2017 година, таквото барање да се освежи, да се објасни потребата за фреквенции, да се отвори една постапка, која е идејата и целта. Рече дека јавно ќе каже и јавно ќе поддржи ако има можност да се додели дозвола за радио на државно ниво кое ќе емитува програма на албански јазик.

Г-дин Трајчев, во врска со потребата за радио на државно ниво на албански јазик рече дека таа останува и понатаму и констатира дека не мора да се гласа затоа што веќе идејата е поддржана. Во однос на Програмата, искажа негово лично задоволство, посебно со самиот факт што нема многу забелешки и предлози за содржината на самата Програма. Рече дека тоа подразбира дека Стручната служба на Агенцијата добро ја изработила и дека планот што е направен за идната година е соодветен за сите планирани активност во однос на сето она што значи работење на Агенцијата. Во однос на она што е предвидено во програмата за 2017 година и во однос на тоа што на некој начин беше активност во 2016 година поврзано со изборите, побара едно видување во врска со Методологијата. Посочи дека во Програмата е спомната како начин на мониторирање на Локалните избори во 2017 година, кои влегуваат во оваа програма. Објасни дека станува збор за Методологија, која се донесе, па потоа се донесе нова, па потоа се врати старата. Сега има едно свежо искуство од изборите во 2016 кои се при крај. Побара едно видување од страна на Агенцијата како се имплементираше таа Методологија затоа што се повикуваме на истата, а истата е ставена во Програмата за 2017. Дали ќе биде потребна некоја промена или корекција на таа Методологија, што значи праксата во смисла на имплементација, во смисла на судската практика, за тоа како Агенцијата ги определила некои работи а како биле прифатени од страна на судот и од другите чинители, како едно искуство бидејќи се става во Планот за 2017 година, а се повикува на нешто што претходно Советот го усвоил и било имплементирано. Во планот секако треба да стои, но побара да се продискутира во која насока би одело, дали би се правела некоја промена и едно видување за досегашното искуство.

Г-дин Трајчевски, во врска со прашањето за судската пракса, одговори дека постапките кои сега се поведени за овие избори за прекршувања на Изборниот законик, во овој момент не може да се извлече заклучок дали одлуките на Привремената комисија кои се базираат на Извештаите на Агенцијата, ќе бидат прифатени од страна на судот. До сега за два радиодифузера, ТВ Сител и ТВ Нова, судот не расправаше материјално за самите извештаи и за одлуките на членовите на Привремената комисија. Ставот на судот е спротивен на Изборниот законик, дека не ги признава тие 100 дена, туку изборниот период го смета од денот на распишување на изборите и воопшто не отвори расправа. Дали одлуките што ги донела Привремената комисија врз база на извештаите од Агенцијата ќе бидат прифатени од страна на судот или не, нема податок.

За наредните рочишта за радиодифузери за кои има повеќе постапки, ќе има рочишта за кои ќе се дискутира материјално за самата содржина. До сега немало такви рочишта. За ТВ Сител, ТВ Нова, ТВ Алфа, до денот за распишување на изборите, судот смета дека не можат да бидат предмет на разгледување, бидејќи за изборен период го смета од денот кога Парламентот е распуштен. Во делот на изборната кампања, во оние 20 дена, поведени се повеќе постапки против радиодифузерите по други одредби од Изборниот законик, како пречекорување на дозволениот лимит за ППР (платено политичко рекламирање), недозволено емитување на ППР во информативна програма, во детски емисии, кај некои беше еднаш и следува опомена. ТВ Алсат-М кој го повтори прекршокот, прифати порамнување и плати 50% од предвидената глоба. Во врска со Методологијата, објасни дека Советот првично усвои една Методологија која беше соодветна на Изборниот законик кој е сега на сила и истата требаше да важи само за изборите во декември 2016 година. На барање на четирите политички партии кои се потписници на Договорот од Пржино, Советот ја повлече таа Методологија и ја врати во сила Методологијата која беше изработена според начелата на претходниот Изборен законик. Кога ќе заврши изборниот процес, во сила останува Методологијата која е и сега во сила затоа што одредбите од Изборниот законик кои сега важат само за овие избори, ќе престанат да важат. Всушност ќе важат одредбите од 12 ноември 2015 година. Што ќе се случува со локалните избори во 2017, дали ќе има измени на Изборниот законик, не зависи од Агенцијата, но доколку има, автоматски ќе следи измена и на Методологијата.

Г-дин Трајчев, рече дека неговото прашање повеќе било во насока, ако нема никакви измени дали ќе остане оваа Методологија и од праксата која ја имаше во поглед на примена на таа Методологија, дали ќе има некакви предлози, корекции посебно во делот на квалитативното мерење. Но се согласи сега да не се дискутира доколку е рано, но прашањето му било во таа насока, со оглед дека е предвидено во Планот за 2017 година кој треба да се усвои.

Г-дин Трајчевски, рече, кога оваа Методологија би се применувала согласно Изборниот законик кој ќе важи по 1 јануари 2017, таа ќе се однесува само за 20 дена од кампањата каде има дефинирани принципи за известувањето и претходно од денот на распишување на Изборите до почетокот на кампањата каде не се оценува избалансираноста туку има други аспекти кои се оценуваат. Доколку остане Изборниот законик таков каков што е, ќе нема проблем со Методологијата. Проблемот со сегашните избори беше дека требаше да се оценуваат 80 дена пред започнување на изборната кампања, но немаше пишани критериуми, како ќе се оцени изблансираноста кај медиумите. Состојбата која беше на ова поле, најмалку вина има Советот на Агенцијата, бидејќи таа го прифати барањето на 4-те најголеми политички партии да се врати старата Методологија, иако сите се свесни дека таа не одговараше на Изборниот законик кој важи во овој момент.

Г-дин Петрушевски, рече дека прашањето што го поставил г-дин Трајчев според него е интересно и коректно. Смета дека некои драматични промени на Методологијата, како што кажал и директорот, не може да се случат без промени не само во Изборниот законик туку и во ЗААВМУ. Рече дека и тој има свои објаснувања, но смета дека сега не е момент да ги каже. Го задржува правото да го поддржи колегата Трајчев, бидејќи сака како Совет и како Агенција да се направи уште една корекција или проверка на Методологијата затоа што ништо не е конечно. Рече дека е многу тешко нешто да се подобри или измени во оваа состојба како што е сега со Изборниот законик, затоа нема да навлезе во подлабока дискусија и предлогот сега за сега ќе го стави во мирување.

Г-дин Фиданоски, му се обрати на г-дин Трајчев и му рече дека има време за тоа, затоа што според регулативата, меѓу два изборни процеси мора да има период од 6 месеци. Најрано локалните избори можат да се одржат на 11 мај 2017 година. Тоа значи дека некоја промена ќе има во Законот за локална самоуправа бидејќи локалните избори се впишани дека треба да се одржат во месец март и треба да се замени со мај. Се согласува дека по празниците може да се направи уште едно видување. Генерално ги има ставовите што ги кажал и г-дин Трајчевски во врска со Методологијата што сега е на сила. Таа е првата Методологија што се донесе на почетокот на 2016 година. Смета дека Советот и Агенцијата како регулатори треба да ги интересира делот што тие треба да го сработат максимално. Рече дека доста коректно од нивна страна е завршен тој дел, а друго е тоа што судството има процесирано две од повеќе постапки и дури и од минатите избори не се завршени некои постапки. Тоа не е прашање на Советот и Агенцијата, туку прашање како другите функционираат. Во однос на Програмата, моментот дека нема забелешки во однос на неа, меѓу другото се должи не еден нов квалитет, а тоа е односот меѓу Советот и Стручната служба, дека има комуникации на ниво Совет – Служба за усогласување на текстот, ако треба и повеќе пати и тоа го поздравува. И затоа смета дека нема толку писмени барања за измени или дополнувања. Рече, тоа не значи дека во иднина нема да ги има, но дека е добро тоа што сега се случува и јавно го поздрави момент на добра соработка. Усогласувањето се постигна, генерално, целосно е задоволен од тоа како изгледа Програмата и рече дека ќе даде поддршка за неа. Како посебен дел е внесена Стратегијата за развој, а 8-та точка рече дека за него е особено важна, односно поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите. Објасни дека тоа е она за што тој лично инсистирал да се внесе и дека е добро што е внесено. Смета дека Агенцијата како регулатор има обврска тоа да го прави, а тоа е што стои како став, поточно како цел - „Зголемување на свеста за важноста на почитувањето на професионалните стандарди, за зголемување на редакциската култура кај медиумите и за независната уредувачка политика“. Понатаму рече дека она што како појава последните денови него лично го загрижи е дека на голема врата се внесе една загрижувачка ситуација на говор на омраза, на етничка и политичка нетрпеливост, со повик на нешто полошо, за кои дел од медиумите без потребната и вистинска навремена ограда ги пренесуваа. Смета дека во овој дел влегува и дека медиумите на тоа ќе треба уште да поработат, а работа на Агенцијата и Советот е постојано да ги охрабруваат дека тоа треба да го елиминираат во нивната работа, се помалку да се случуваат такви работи, односно воопшто да ги нема. Ќе нема говор на омраза доколку се почитуваат етичките принципи и професионалните стандарди. Затоа се согласува дека е добро што го има во програмата, да почитуваат и да елиминираат секаква можност за пуштање во етер на евентуален говор на омраза. Рече дека ќе каже нешто што нема да го смени неговиот краен став, бидејќи се изјаснил дека ќе ја поддржи програмата. Во делот на анализите мисли дека недостасува една правна анализа на имплементацијата на регулативата досега, од почетокот на ЗААВМУ, со сите негови измени до сега. Со таа анализа би можело да се детектираат евентуалните слабости, забелешки, недостатоци, да се даде предлог за корекции и најважно од сето тоа, според него е каква е улогата и позицијата на Агенцијата со новиот Закон затоа што до тогаш беше Совет за радиодифузија а со новиот Закон стана Агенција. Со контактите и консултациите што ги имал со Стручната служба, му било сугерирано дека еден вид на таква анализа ќе има во Стратегијата што ќе се подготвува за идниот 4 годишен период. Не сака од никого да биде сфатен негативно за критиката која ќе ја даде. Ја погледнал претходната Стратегија и според него две страници за правниот момент односно за имплементација на регулативата, кои светлото на денот заедно со целата стратегија би го виделе некаде на почетокот на

2018 година, што според него е предолг период да се чека за такво нешто. Рече дека е можно до тогаш да дојде и до законски измени, но тоа не го намалува ефектот или потребата од таква анализа, затоа што таа практично би била една од темелите или многу добра основа доколку би се сугерирале евентуални законски измени кои што би произлегле како иницијатива од самата Агенција. А самата таа анализа рече дека би била добра основа и за градење на идната Стратегија за развој на радиодифузијата. Затоа апелира, без разлика што не е ставена во програмата, доколку има можност, во текот на идната година да се изработи таа анализа. Според него заради објективен момент подобро би било да ја изработи надворешен фактор. Не вели дека луѓето во Агенцијата немаат квалитет, но за да се задржи моментот на објективност на работата на Агенцијата, подобро да ја изработи надворешен субјект. Смета дека ќе му биде забележано дека тоа чини пари и се согласува. Предложи, доколку може, да се одвојат еден дел од средствата предвидени за анализата на новите медиуми, без да му замери г-дин Петрушевски. Уште еднаш апелираше во текот на 2017 година да има можност да се добие во раце таков документ.

Г-дин Петрушевски, рече дека во текот на годината неколку пати се прави ребаланс на Финансиски план на Агенцијата и планот за јавни набавки, а при тоа предлогот на г-дин Фиданоски ќе влезе и во записникот, така што има време Советот во иднина да одлучи што да се направи во таа насока. Има време и онаа варијанта што ја спомнал да влезе во Стратегијата, иако според него стратегиите се добри ако се 40-50 страни, негов личен став е дека стратегии од 100-200 страни не се добри и не се стратегии. Исто така рече дека сите забелешки и предлози кои произлегоа од дискусијата, на г-дин Фетаи, г-дин Фиданоски и г-дин Трајчев, во иднина да се земат во предвид.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-6562/1 од 19.12.2015 година и едногласно донесе Одлука со која се одобри Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година (со Програма на планирани активности и Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година), со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Одлуката и Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година (со Програма на планирани активности и Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година), да ги објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Соработникот од одделението за јавни набавки и општи работи, Александар Џуваревиќ, го образложи Предлог-годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски, рече дека ќе постави две прашања и ќе даде една дискусија. Првото прашање беше дали специјалното возило за мониторинг, со проценета вредност од 2 милиони и 600 денари без ДДВ, ќе се набави со помош средства од ИПА програмата или со сопствени средства на Агенцијата, и второ прашање беше дали услугата одржување на компјутерскиот систем и системот за мониторинг со проценета вредност од 600 илјади денари без ДДВ се однесува за стариот систем, за новиот или и за двата?

Г-дин Трајчевски, одговори дека специјалното возило за мониторинг е предвидено да се набави со финансиски средства на Агенцијата, бидејќи еден дел од ИПА проектот за набавката се поништи. Но, посочи дека тоа не значи дека доколку Агенцијата во иднина конкурира за некој ИПА проект тоа нема да се анализира, но во моментот во Финансискиот план и во Планот за јавни набавки за 2017 година е предвидено со сопствени средства на Агенцијата.

Раководителот на Секторот за технологии, м-р Арбен Саити, во врска со услугата одржување на компјутерскиот систем и системот за мониторинг одговори дека таа вклучува одржување на компјутерите што ги користат вработените, додека новата опрема има гаранција и гарантен рок. Тоа значи дека наведената услуга е наменета за старата опрема.

Г-дин Петрушевски, во врска со набавката на антивирус со проценета вредност од 150.000,00 денари без ДДВ на годишно ниво, забележа дека очекуваниот почеток на постапката е ставен по потреба. Го интересираше зошто не е ставена како приоритет во јануари, затоа што тековните лиценци веќе се истечени во текот на месец ноември. Праша како во меѓувреме Агенцијата работи без антивирусна заштита и што доколку се наруши безбедноста на податоците?

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работ, м-р Арбен Саити, одговори дека Агенцијата сега делумно е покриена со антивирус и дека лиценцата која била купена пред две години се уште трае. Објасни дека набавката на антивирус сепак ќе се спроведе во јануари 2017 година, но поради техничка грешка е ставена по потреба.

Г-дин Петрушевски, рече ако набавката е проценета на 150.000,00 денари без ДДВ на годишно ниво, на месечно ниво отпаѓаат околу 12 илјади денари. Предложи, бидејќи Законот дозволува, да се направи анекс на постојниот договор и со него да се обезбедат најмалку 2 до 3 месеци покриеност со антивирус со вредност под 500 евра и со оваа набавка од мала вредност да заштитат податоците на Агенцијата, бидејќи не може да се знае како ќе се спроведе набавката, дали ќе биде успешна или сл. Но, со оваа набавка од мала вредност, Агенцијата ќе биде обезбедена.

Г-дин Трајчевски, предложи, доколку е истечен договорот во ноември, тогаш веднаш на следната седница на 29 декември 2016 година да се спроведе набавка од мала вредност и при тоа да се коригира графата во Планот за јавни набавки за „јануари“, а не по „потреба“.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-6563/1 од 19.12.2016 година и едногласно даде одобрување за донесување Годишен план за јавни набавки во 2017 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, во горенаведениот Годишен план за јавни набавки во 2017 година, кај предметот на договор за јавна набавка/рамковна спогодба – Антивирус, да направи измени во очекуваниот почеток на постапката (месец), така што зборот „по потреба“ ќе го замени со зборот „јануари“.

**Точка 6**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-5974/2 од 19.12.2016 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе одлука за претплата на “Службен весник на Република Македонија“, за 2017 година, во печатена форма, 1 (еден) примерок, за период од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година, во вкупен износ од 10.100,00 денари, со пресметан ДДВ.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр.02-6561/7**
**29.12.2016 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**